РЕПУБИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/98 | | |


Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по ликовно образование за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## VI ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува да запознава нови термини кои се користат во наставните содржини;
- да се стимулира да искажува љубопитство и интерес за ликовна работа и творење;
- да се поттикнува да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да се оспособува да ги разликува особеностите на ликовните материјали, постапки за работа и правилна употреба на помагалата и алатот во ликовно – творечката работа;
- да се поттикнува да го открива и користи ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура, плоштина, простор и друго и нивна употреба во ликовното творештво;
- да се запознава со основни поими и ликовни термини;
- да користи разни постапки за ликовно изразување (капење, гребење, прскање, туфирање и др.);
- да се поттикнува да запознава уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- да се оспособува да ги препознава ликовниот јазик и ликовните елементи на уметничкото дело;
- да ги применува стекнатите знаења во училишниот живот и животната практика;
- да се поттикнува да искажува емоции преку сликарски материјали и техники;
- да развива културно - хигиенотехнички и работни навики;
- да се оспособува да развива свест за уметничка култура и да ја користи уметноста како начин на комуникација;
- да се поттикнува да ги користи креативно сите искуства и творечки потенцијали;
- да развива потреба за чување и оплеменување на својата околина;
- да развива способност за визуелна и тактилна перцепција и меморија;
- да се поттикнува слободно да комуницира со своите врсници и возрасните;
- да се поттикнува вербално да објасни ликовна творба;
- да се запознава со културното наследство;
- да создава навики за негување и чување на културните вредности;
- да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно творештво.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| *Цртање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>❖ да црта линии со различен интензитет (повторување);<br>❖ да се оспособува да разликува и да користи различни видови линии и да црта контура и текстура;<br>❖ да се поттикнува да компонира текстури формирани со линија;<br>❖ да се оспособува да реализира ефект на светло-темни површини со користење на линија;<br>❖ да се оспособува да ги совлада техничките можности на различните цртачки техники: цртање со молив, туш, пастел, темпера, акварел;<br>❖ да стекнува технички способности за реализација на линиски цртеж со користење на шрафура, туфирање;<br>❖ да се оспособува да разликува и да реализира цртеж со употреба на линија со перце и четка;<br>❖ да се поттикнува да реализира цртеж со помош на компјутер со различни видови на линија;<br>❖ да се поттикнува да реализира опсервациски цртеж;<br>❖ да препознава повторување во околина и да препознава ритам. | Средства за цртање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во цртањето<br><br>Цртање | Контура<br><br>Текстура<br><br>Површина со линија<br><br>Интензитет<br><br>Туфирање<br><br>Шрафура<br><br>Лавиран туш | o Ја набљудува околината, воочува и препознава линиски вредности во просторот (со асистенција и стимулација од страна на наставникот).<br>o Воочува видови линии во уметничките дела (со асистенција и стимулација од страна на наставникот).<br>o Црта контурна линија (суво дрво, листови од дрвја, инсекти, згради).<br>o Црта текстурни линии (дефинирање на површина со линија).<br>o Црта линии со различна густина и добива површини со различни тонски вредности.<br>o Реализира опсервациски цртеж со линија.<br>o Реализира цртеж по фантазија.<br>o Цртање со молив, туш, темпера, водни бои, компјутер.<br>o Цртање линии со дадена една точка.<br>o Ги анализа и споредува пропорциите кај перципираните објекти (на слика се претставени два објекти на пример: куќа, автобус и сл.).<br>o Воочува различни тонски вредности во околината.<br>o Реализира различни текстури со линија.<br>o Воочува различни видови ритми во околината.<br>o Изразува различни видови ритми со линија.<br>o Цртање со туш, перце, дрвце, четка, фломастер, темпера, акварел, компјутер. |

| *Сликање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се оспособува да воочува бои во природата и уметничките дела;<br><br>❖ да се поттикнува да создава творба со користење на боја, плоштина, линија, текстура;<br><br>❖ да се оспособува да применува нијанси во сликањето;<br><br>❖ да се оспособува да слика на различни подлоги. | Средства за сликање и нивната употреба<br><br>Ликовни елементи во сликарството<br><br>Сликање<br><br>Естетско проценување | Фреска<br><br>Мозаик<br><br>Ѕидно сликарство<br><br>Колаж | o Сликање и претставување текстура со боја.<br><br>o Сликање пејзаж со основни и изведени бои. Сликањето се изведува со користење цевки со кои ја дува бојата која е нанесена на подлогата за сликање.<br><br>o Слика со ахроматски бои. Покрај користењето четка за сликање може да ги користи прстите од рацете и нозете за сликање.<br><br>o Слика со контрастни бои.<br><br>o Изразување комплементарен контраст на бои (колаж).<br><br>o Контраст (светло - темно) - (боење ден-ноќ).<br><br>o Перципцира и споредува тонски разлики (светол, темен, најтемен, најсветол тон - сликање виножито).<br><br>o Реализира тонско степенување во ликовна творба - сликање скали во различни бои). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Обликување во просторот , моделирање*** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се оспособува да разликува полна пластика од релјеф;<br><br>❖ да се запознава со релјеф и видовите релјефи;<br><br>❖ да се оспособува да препознава и да разликува видови релјеф;<br><br>❖ да се поттикнува да ги усовршува разните постапки на обликување со глина;<br><br>❖ да се оспособува да ја применува линијата и текстурата при моделирањето;<br><br>❖ да се поттикнува да создава слободна ликовна композиција со разни „нескулпторски“ материјали;<br><br>❖ да се запознава со поимот архитектура;<br><br>❖ да се поттикнува да ја усовршува умешноста за користење материјали за тридимензионално обликување. | Средства за моделирање<br><br>Ликовни елементи во моделирањето<br><br>Моделирање<br><br>Основни средства за градење<br><br>Ликовни елементи во градењето<br><br>Градење<br><br>Естетско проценување | Релјеф<br><br>Моделирање<br><br>Архитектура<br><br>Боја<br><br>Пропорција<br><br>Симетрија-асиметрија | o Запознавање на 2Д и 3Д форми од околината преку перципирање играчки и фотографии на играчки.<br><br>o Моделирање на 2Д и 3Д форми со примена на предмети од секојдневното окружување - училница, дом, двор и сл.<br><br>o Моделирање со одземање, додавање, цртање, перфорирање.<br><br>o Моделирање со алатки и прсти, со модли со различни форми.<br><br>o Обликување скулптура од глина - човек, ж ивотно, растение и сл.<br><br>o Со компонирање на готови форми создава сложена композиција.<br><br>o Употребува различни „нескулпторски“ материјали за ликовно изразување. |

| *Графика* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се запознава што е скица за графика, а што е скица за слика;<br><br>❖ да се оспособува да користи линија, површина и текстура во дефинирањето на графичките форми;<br><br>❖ да се запознава со ликовните елементи и принципи кои се употребени во графичкото дело;<br><br>❖ да се запознава со техниката линорез;<br><br>❖ да се запознава со начините на добивање графички отпечаток;<br><br>❖ да стекнува основни знаења за реализирација на графика во техника на линорез. | Средства за графички израз и нивна употреба<br><br>Графички елементи во сликањето<br><br>Графика | Ахроматски контраст<br><br>Хроматски контраст<br><br>Позитив - негатив<br><br>Линорез | o Изведување позитив и негатив на основен цртеж - цртање на црна подлога со бела креда, а, на бел лист со молив.<br><br>o Реализирање на композиција со доминанта линија.<br><br>o Вклучување букви или текст како ликовни елементи во единствена ликовна целина.<br><br>o Изработување стрип во кој се претставени различни емоционални состојби.<br><br>o Именување и запишување на емоциите претставени во стрипот.<br><br>o Се запознава со техниката линорез преку опсервација и/или на видеозапис. |

| *Дизајн и визуелни комуникации* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да се оспособува да препознава ликовни елементи во објектите за секојдневна употреба;<br><br>❖ да стекнува поим за стилизација на облици од природата;<br><br>❖ да стекнува основни сознанија за филигран;<br><br>❖ да стекнува основни сознанија за изработка на скица за филигран со стилизирани елементи од природно потекло;<br><br>❖ да се запознава со поимот заштитен знак - лого;<br><br>❖ да се оспособува да вклучува текст како составен елемент на ликовниот израз;<br><br>❖ да се оспособува да стекнува познавања и способности за реализација на декоративни елементи со помош на компјутер. | Дизајн<br><br>Ликовни елементи во дизајнот<br><br>Визуелни комуникации | Фриз<br><br>Филигран<br><br>Дизајн<br><br>Заштитен знак<br><br>Симбол | o Црта фриз и розета со употреба на стилизирани флорални форми.<br><br>o Реализирање на заштитен знак со помош на компјутер.<br><br>o Разгледување различни логоа.<br><br>o Црта лого за училиштето.<br><br>o Набљудува едноставни заштитни знаци на фирми, институции и производи.<br><br>o Бои едноставна скица/ фрагмент на изработен филигран.<br><br>o Реализира едноставно лого со помош на компјутер.<br><br>o Користи детски игри преземени од Интернет (дизајнирање облека, уредување ентериер и хортикултурно уредување). |

Напомени за начинот на планирање и реализација на наставните програми

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција (имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата). Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно. Карактеристика за нив е што многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движење (ехопраксија). Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив се јавуваат сериозни проблеми кога треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се потполно сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и гнев без видливи причини се, исто така, карактеристични за учениците со аутизам.

Ученикот со аутизам не сака близок контакт. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познава или не ги прифаќа делуваат вознемирувачки и скоро секогаш се проследени со специфични манифестации.
Тие малку или воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето. Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет, кој може постојано да им е во рацете.
Многу специфично се однесуваат при манифестирање на болката. Така на пример, тие манифестираат хипер или хипо- сензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти кога постои сериозна опасност.
Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика. Најголем број од нив имаат развиена фина моторика. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви и покрај тоа што аудиограмите не покажуваат редукција на слухот. Генерално, проблемите во воспоставувањето на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто претставуваат голема бариера и тешкотија. Кога говориме за вниманието, велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно, што, секако, претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.
Овие ученици најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.
Многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацете, повторување на зборови).
На овие манифестации треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба. Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции. Претходно наведените манифестации во однесувањето не треба да значат дека тие не се нежни, или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и /или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.
Имено, тие имаат потешкотии со различните интеракции (давање и земање во вистинска смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со другите). Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците. При обидите за воспоставување каков било вид комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација.
Карактеристично за нив е дека се „вклучуваат во светот“ само тогаш кога нешто им е потребно. Затоа, треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот со што се отвора можност за комуникација.
Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.
Се случува спонатано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со другите ученици. и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно, или пак воопшто да не воспоставуваат комуникација.
Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршување на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.
Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо (одек). Доколку одговорат на поставеното прашање тоа го прават на специфичен начин.
Карактеристично за овие ученици е што не прифаќаат и несоодветно одговараат на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во „педагошки амбиент“ кој е добро структуиран согласно нивните потреби. Покрај амбиентот, треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од неговите потреби и способности. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Наставниот предмет има статус на задолжителен предмет. Застапен е со 2 часа неделен, односно 72 часа годишен фонд.

Кај голем број ученици имагинативната игра е доста сиромашна, а кај некои од нив воопшто и не се манифестира. Сето тоа има исклучително неповолно влијание при реализацијата на активностите поврзани со моделирање (дводимензинални и тридимензионални макети). Се препорачува особено големо внимание да се посвети на поттикнување и развивање на имагинативната игра. Ова е од особено значење за успешна реализација на темата ***Моделирање и обликување во просторот***.

При сликањето со темпера, со водени бои и/или при изработка на акварел (при што, покрај стандардни средства за сликање се употребуваат прстите од рацете или пак целата дланка) може да се појават сериозни проблеми (вознемиреност, одбивање да слика) кај учениците затоа што тие не сакаат да бидат извалкани. Оваа состојба наставникот треба да се обиде да ја надмине со постапно воведување во техниката - сликање со еден прст, потоа со два прсти и по подолг временски период сликање со целата дланка.

При реализацијата на планираните активности во рамките на наставниот предмет наставникот, покрај на изработката, треба да обрне особено внимание на чувствата кои ги манифестираат учениците во текот на работата. Бидејќи голем број од учениците со аутизам немаат развиен говор комуникацијата преку слики и говорот преку слики претставува извонредна можност наставникот да ги осознае нивите желби, емоционални состоби и сл.

**Наставни средства:**

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудиовизуелни средства (ТВ, ДВД, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. На крајот на полугодието и на крајот на наставната година се изведува бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно - образовната работа во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за ликовни уметности – педагошки оддел;
- факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група педагошки предмети;
- дополнителна дефектолошка дообразба;
- филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет – дипломиран дефектолог.

Изготвил: работна група, координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *ликовно образование* за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-3979/10
19 08 2013 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски